**АЛФА ТЕЛЕВИЗИЈА**
**Ги утврди**
**ПРАВИЛАТА И ПРОПОЗИЦИИТЕ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ**
**Во квизот од општо знаење**
**„НАЈСЛАБА АЛКА“**

## I. Општи правила и пропозиции

1. Право на учество во „Најслаба алка“ имаат сите државјани на Република Македонија со наполнети 18 години и со постојано место на живеење во Република Македонија што се докажува со лична карта.

2. Алфа телевизија одпред утврдува дека право на настап во „Најслабата алка“ НЕМААТ:

- Сите вработени во Алфа телевизија, ниту членовите на нивните потесни семејста;
- Сите соработници редакцијата на квизот „Најслабата алка“ (кои не се вработени во Алфа ТВ), како и членовите на нивните потесни семејства.
- Државјани на Република Македонија со навршени 18 години против кои се води или е во постапка покренување на кривично гонење согласно одредбите на соодветните закони на Република Македонија

*(Поимот „потесно семејство“ опфаќа: родители, браќа и сестри, сопружници, деца, посвоени деца, внуци, како и сите членови на заедничкиот дом наведени како постојани или како постојани надворешни членови на одредена заедница)*

За секоја емисија „Најслаба алка“, според однапред утврдена процедура за избор на натпреварувачи, се избираат по 8 нови потенцијални кандидати и најмногу 2 (замени) резерви.

„Најслаба алка“ на Алфа ТВ ќе се емитува 1 (еднаш) неделно.

## II. Избор на натпреварувачи:
Изборот на натпреварувачи во квизот „Најслаба алка“ има три круга:

1. Пријавување на потенцијалните натпреварувачи преку телефон со специјален број со снимени пораки и упатства за натамошната постапка.
2. Избор на 30 (триесет) потенцијални натпреварувачи по случаен избор и врз основа на резултатите од квиз прашањата поставени на веб страницата на Алфа ТВ, alfa.mk како и врз основа на останатите информации од формуларот за пријавување.
3. Конечен избор на 8 натпреварувачи (плус 2 резерви) од страна Комисијата за избор на натпреварувачи на Алфа ТВ по пат на интервју.

**Опис на првиот круг:**
Секој кој сака да биде натпреварувач во „Најслаба алка“, а ги исполнува одредбиде од Општите правила и процедури, може да се пријави со повик или СМС преку специјален телефонски број.

Специјалниот број за пријавување за учество во „Најслаба алка“, ќе биде отворен 7 дена, 24 часа, во текот на една недела почнувајќи од петок во 00:01 после полноќ до четврток во 23:59 пред полноќ.

Цената е по повик и за СМС на специјалниот телефонски број ќе биде јасно истакната секаде каде што се објавуваат информации за учество во квизот „Најслаба алка“.

Постапката за пријавување во првиот круг е следна:

- Повикај го бројот 141514 од било кој мобилен или фиксен оператор во Р. Македонија со SMS или со говор.

- Доколку се пријавуваш преку SMS, во полето за текст впиши **алфатв**.

- Можеш да се пријавуваш колку пати сакаш. Со тоа ги зголемуваш шансите за избор во некоја од емисиите.

- Цената на повикот или на SMS пораката е 59 денари + ДДВ.

- Ако се пријавуваш со SMS порака на бројот за пријавување, ќе добиеш возвратна SMS порака со следната соржина: Вие се пријавивте за учество во квизот **„Најслабата алка“**. Вашиот код е ….. Посетете ја веб страницата www.alfa.mk и следете ги инструкциите за продолжување на процедурата за пријавување.

- Ако се пријавуваш со говор преку мобилен или фиксен оператор, возвратно ќе ја добиеш говорната порака со следната содржина: Благодариме што се пријавивте за учество во **„Најслабата алка“**. Подгответе се да го запишете вашиот код (пауза). Вашиот код е *****. Повторувам: Вашиот код е *****. Посетете ја веб страницата www.alfa.mk и следете ги инструкциите за продолжување на процедурата запријавување.

- ВНИМАВАЈ!!! Запомни го, или запиши го единствениот код, зашто преку интернет треба да го внесеш точниот код на веб страницата www.alfa.mk на местото определено за тоа.

**Опис на вториот круг (**Пријавување преку интернет):
- Откако ќе го добиете кодот за пријавување посетете ја веб страницата на Алфа ТВ – alfa.mk

- Линкот за формуларот за пријавување преку интернет е поставен на видливо место на веб страницата [www.alfa.mk](http://www.alfa.mk)

- Кога ќе се отвори формуларот, следниот чекор е да се внесат телефонскиот број од кој е извршено пријавувањето и единствениот код кој потенцијалните учесници го добиле преку SMS или со говорна порака.

- Потоа следува пополнување на формуларот кој е составен од 3 дела:
  1. Неопходните лични податоци и дополнителни прашања за профилот на апликантот и неговите мотиви за учество во квизот
  2. Пет квалификациони прашања од општа култура.
  3. Завршни правила и одредби поврзани со процедурите и правните аспекти за учество во натпреварот.

- Доколку телефонскиот број и кодот не се совпаѓаат, веб системот го спречува натамошното аплицирање со пораката: „Кодот што го внесовте не е исправен, Ве молиме обидете се уште еднаш или пријавете се за играта на број 141514  за да добиете валиден код“

- Откако ќе го заврши поплнувањето на формуларот, потенцијалниот учесник треба да кликне на копчето *Пријави*.

- Потенцијалните учесници треба да одговорат точно на најмалку две (3) од вкупно три (5) прашања за да се стекнат со можност да бидат повикани на интервју како последна фаза од изборот за учесници во квизот „Најслаба алка“.

- Изборот на потенцијалните учесници кои ќе бидат повикани на интервју го прави Комисијатата за избор и за регуларно одвивање на квизот „Најслаба алка “.

- Комисијата ја избира и со својата одлука ја определува организаторот на квизот

**Опис на третиот круг:**

Врз основа на дадените одговори во вториот круг од пријавувањето, како и врз основа на анализата на останатите информации од формуларот, Комисијата за селекција избира 30 кандидати за интервју во третиот и последен круг од пријавувањето.

Изборот на кончните 8 натпреварувачи (плус две резерви) за секоја емисија, се прави по пат на интервју и по пат на тест прашања.

Комисијата, освен резултатите, води сметка и за избалансираноста на составот на натпреварувачите во однос на полот.

Оперативниот тим на квизот „Најслаба алка“ потоа ги известува избраните кандидати и двете резерви кога треба да дојдат на снимањето на емисијата.

Организаторот на квизот „Најслаба алка“ НЕ ги надоместува трошоците за патување и престој на натпреварувачите.

Сите избрани натпреварувачи и резервите треба да бидат во точно определонот време во Алфа телевизија и со лична карта го докажуваат својот идентитет.

Доколку се утврди дека некој од натпреварувачите дал погрешни податоци во прелиминарниот дел на селекцијата, Комисијата веднаш го елиминира и на негово место ја става првата резерва.

Сите избрани натпреварувачи и резервите се должни пред почетокот на снимањето на „Најслаба алка“ да потпишат писмени изјави кои претходно ќе им бидат ставени на увид. Попишаните изјави потврдуваат дека натпреварувачите се целосно запознаени и дека ги прифаќаат правилата и процедурите на квизот „Најслаба алка“.

Доколку некој од натпреварувачите одбие да ја потпише изјавата, Комисијата има право да го елиминира и на негово место да го повика резервниот кандидат.

Комисијата има правода елиминира и натпреварувачи кои се однесуваат недолично пред и за време на снимањето на емисијата.

Во сите ситуации во текот на селекцијата, подготовките и за време на снимањњето на квизот „Најслаба алка“, одлуките на Комисијата за селекција и организација на квизот се мериторни и конечни.

**III. Правила на квизот**

Во играта учествува тим од **8 натпреварувачи** кои не се познаваат. За да имаат шанси да освојат висока награда мора да играат како тим, но **само еден од нив ја освојува наградата.**

Играта има седум кругови и финале. Во секој круг натпреварувачите, еден по друг, одговараат на прашања од општо знаење. Натпреварувачите самите меѓусебе се оценуваат и елиминираат. Во секој круг играта ја напушта натпреварувачот што добил најмногу негативни гласови како најслабата алка.

Во седмиот круг, остануваат двајца натпреварувачи.

Ви финалето секој од двајцата натпреварувачи добива по пет (5) прашања. Победник е оној со повеќе точни одговори.

Во случај на нерешен исход по првите пет прашања, финалистите наизменично добиваат по едно прашање. Победникот го одлучува „златниот одговор“, односно играта ја губи тој што прв ќе погреши.

**Собирање на парите**
Натпреварувачите имаат шанса во секој круг да освојат максимални 40.000 денари, доколку точно одговорат на 9 прашања во низа во определен временски период.

Сумите од секој круг се кумулираат во конечната награда која може да изнесува 320.000 денари.

Во секој нареден круг временскиот период за одговор на прашањата се намалува за 10 секунди. Така, во првиот круг имаат време од 2 минути и 30 секунди да одговарат на поставените прашања, а во седмиот 1 минута и 30 секунди.

**Дрвото на парите**
Секој круг има низа од осум суми од најмалата од 1000 денари до највисоката од 40.000 денари.

1000
2000
4000
8000
12000
15000
20000
30000
40000

Најбрз и најдобар начин да се освои најголемата сума е со низа од 9 точни одговори. Доколку некој од натпреварувачите даде неточен одговор на некое прашања, низата се прекинува и се губиот целиот износ освоен до тој момент.

Натпреварувачите имаат можност во секој круг да „банкираат“, односно да стават во банка, определена сума. Тоа можат да го направат доколку пред да се постави прашањето натпреварувачот каже – „Банка!“

Сумата што е освоена во тој момент е загарантирана, но со тоа низата се прекинува и со наредното прашање се гради нова повторно од најмалата сума. Во последниот круг се пренесуваат само банкираните суми.

Во седмиот круг, кога остануваат само двајца натпреварувачи, освоената сума од тој круг се дуплира.

**Избор на најслабата алка**
Во првите шест кругови натпреварувачите сами елиминираат по еден учесник за кој сметаат дека дал најмногу неточни одговори, не банкирал навреме или играл ризично во однос на времето за одговор или од други сопствени причини. После секој круг го испишуваат името на најслабата алка.

Ако се случи двајца или повеќе натпреварувачи да имаат ист број предлози за бидат елиминирани, статистички најсилната алка во тој круг одлучува кој ја напушта играта.

Натпреварувачите треба да знаат дека може секој да биде исфрлен од играта без разлика на статистиката која вели дека некој друг бил најслаб.

Моотивите при гласањето за елиминација не мора да се поврзани само со покажаното (не)знаење, туку и од лично убедување.

После секоја елиминација, играчот што ја напуштил играта дава кусо интервју во кое ја коментира играта, натпреварувачите и одлуката.

## IV. НАГРАДИ

Сите освоени суми во квизот „Најслаба алка“,  им се исплаќаат на учесниците исклучиво на нивните жиро – сметки во Комерцијална банка а.д. Скопје.

Сите суми во квизот „Најслаба алка“,, се БРУТО суми односно не се оданочени според Законот за данок на доход на други видови приходи – персонален данок.

Организаторот на квизот „Најслаба алка“, се обврзува да ги исплатува НЕТО вредностите на освоените суми на следниот начин:

Освоени суми во вредност од 1000 до 60.000 денари најдоцна за 15 дена.
Освоени суми во вредност од 60.001 до 180.000 денари најдоцна за 75 дена.
Освоени суми од 180.001 до 320.000 денари најдоцна за 100 дена

Рокот почнува да тече по емитувањето на квизот во која учесникот го завршил учеството.

Доколку се изменат одредбите на цитираниот Закон за данок на приход на други видови приходи – персонален данок, организаторот на квизот ќе ги извести учесниците на кои ќе треба да им се исплатат наградите според новите изменети одредби.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Одредбите во овој документ (Правила и процедури за пријавување и учество во квизот „Најслаба алка“) имаат за цел целосно и недвосмислено да информираат за правилата и условите за пријавување и учество во квизот „Најслаба алка“.

Со овој документ се става до знаење дека податоците што ги отстапуваат потенцијалните учесници во квизот се само и исклучиво за потребите на квизот „Најслаба алка“.

Овој документ има за цел недвосмислено да ги информира оние што се во роднински врски со било кој вработен во Алфа ТВ дека немаат право да учествуваат во квизот „Најслаба алка“.

Овој документ има за цел недвосмислено да информира дека сите снимени, печатени и други записи на кои се имињата, фотографиите или видео материјалите со ликовите на потенцијалните учесници и учесниците во квизот „Најслаба алка“, се сопственост на Алфа ТВ и дека можат да се користат за промотивните активности на Алфа ТВ без паричен надомест за лицата што се појавуваат со лик или име во тие материјали.

Организаторот на квизот ги советува сите учесници, своите колебања и сомнежи во врска со примената и одредбите на овие правила и процедури да настојуваат во целост да ги разјаснат и расчистат пред снимањето на секој квиз.

Доколку во текот на снимањето на квизот некој од учесници смета дека нешто не се случило во склад со одредбите на овие правила и процедури или смета дека тој е на било кој начин оштетен бидејќи не се почитувани одредбите на овие правила и процедури, должен е веднаш, на самото место да реагира, побара објаснување или интервенција на организаторот.
Одлуките на Комисијата за селекција и организација на квизот се мериторни и конечни.

Сите вработени во Алфа ТВ и сите ангажирани соработници на продуцирањето на квизот „Најслаба алка“ се обврзани строго да ги чуваат деловните и продукциски податоци поврзани со квизот „Најслаба алка“

Ниту еден вработен во Алфа ТВ и ниту еден од ангажираните соработници на продуцирањето на емисијата „Најслаба алка“не смеат по било кој основ да даваат какви било изјави за медиумите (интервјуа за печат или електронски медиуми) поврзани со организацијата и продукцијата на квизот.

Изјави за медиумите (интервјуа за печат или електронски медиуми) поврзани со организацијата и продукцијата на квизот е овластен да дава само Програмскиот директор на Алфа ТВ или лицата што тој ќе ги овласти.

Правилата и процедурите се објавуваат на интернет страницата на Алфа ТВ и на телетекстот на Алфа ТВ

ОВИЕ ПРАВИЛА И ПРОЦЕДУРИ СТАПУВААТ НА СИЛА ОД 09.04.2010 ГОДИНА И СЕ ВАЛИДНИ СЕ ДО МОМЕНТОТ КОЈ ЌЕ ГО ОПРЕДЕЛИ ОРГАНИЗАТОРОТ НА КВИЗОТ „НАЈСЛАБА АЛКА“ АЛФА ТВ.